*Официјален превод*

**Изјава од г. Берт ван Селм, резидентен претставник на ММФ во Македонија**

**9 мај 2007 година**

„ Тимот на Меѓународниот монетарен фонд ја поздравува одлуката на Владата за предвремена отплата на долгот на Македонија кон Фондот. Токму затоа е и создаден Фондот: за членките да можат да позајмуваат од Фондот кога има потреба за решавање на проблеми во платниот биланс и да му ги вратат средствата на Фондот кога таа потреба повеќе не е постои. Фактот што Македонија е сега во позиција предвремено да ги отплати средствата позајмени од ММФ е знак на сила. Неодамнешните предвремени отплати на долговите кон повеќе меѓународни доверители придонесоа за намалување на владината обврска за исплата на средства по основ на камата и ја подобрија среднорочната одржливост на долгот. ММФ ќе продолжи да ја подржува владата во нејзините напори за спроведување реформи согласно Стенд бај аранжманот со Македонија за период од 2005 до 2008 година. “